**Тим за меѓуетничка интеграција:** Васка Јовановска – Директор; Милка Маневска – координатор**;** Бети Темова- стручен соработник; Стефанија Петрова – наставник/дефектолог; Ќире Крстевски- наставник

## 15. Професионален развој на образовниот кадар

- ***Детектирање на потребите и приоритетите***

Потребите и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, се извор за детектирање на потребите и приоритетите за професионлен развој на образовниот кадар.

Како и секоја учебна година, и ова година се спроведе анкета на образовниот кадар за детектирање на клучните потреби за нивно професионално усовршување. Според направената анализа, приоритетни потреби за доусовршување за оваа учебна година се следниве:

- Обука за работа со надарени ученици;
- Обука за работа со нови техники и методи во настава (за приправници и натавници кои не поминале низ овие обуки);
- Обука за нови методи на оценување на учениците.

➢ ***Активности за професионален развој***

**<u>Програма за професионален развој на образовниот кадар која ќе се реализира на ниво на Наставнички совет:</u>**
Предавања, презентации и представувања на иновации во воспитно-образовната работа.

**<u>Програма за стручно усовршување на наставници кои ќе се реализираат на ниво на Стручен актив:</u>**

а) Корелација со наставни содржини за време на реализација по наставни предмети поради оптеретување на ученикот
(пишани задачи, контролни вежби )
в) Одржување нагледни часови со примена на нови облици и методи на работа – анализа на истите
г) Пратење и анализа на соодветна стручна литература

**<u>Семинари за стручно усовршување на наставници</u>**

а) обавезни зимски и летни семинари за наставници

б) семинари по избор према Каталог со програма за стручно усовршувања на вработените во образованието за учебната 2014/2015 година.

**Индивидуална педагошко- инструктивна работа со наставници и стручни соработници**

а) Менторска работа со наставници приправници
б) Педагошко-инструктивна работа со директорот на училиштето и стручните соработници

**За следење и евиденција на стручното усовршување се задолжуваат стручната служба - педагогот и психологот на училиштето и претседателите на стручните активи**.

- ***Личен професионален развој***

Се планира поединечното следењето и напредувањето на наставниците, нивното вреднување преку однапред подготвени интерни критериуми, мотивирање на наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, вреднување (интерно и преку екстерното оценување на учениците) следење на сите субјекти во училиштето за нивно поуспешно учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др.

Се планира активно учество на наставнците и вработените на понудени обуки од еколошката програма.

**Програма за перманентно стручно усовршување на раководниот и воспитно – образовниот кадар во училиштето**

| Стручно усовршување на носителите на ВОД | Форми на усовршување | Носители | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **Директор** | Семинари, работилници, обуки, следење на стручна литература, стручни трудови | Советници од БРО, Регионален и Државен просветен инспектор, ментори | континуирано |
| **Стручни соработници** | Семинари, работилници, обуки, следење на стручна литература, стручни трудови | Советници од БРО, Регионален и Државен просветен инспектор, ментори | континуирано |
| **Наставници** | Семинари, работилници, обуки, дисеминација, следење на стручна литература, стручни трудови | Советници од БРО, ментори | континуирано |

- ***Хоризонтално учење***

Се планираат различини видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку активите, со организирање на отворени часови, работилници и сл., кои се планиранирани во програмите на стручните активи. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности кои ќе биде во прилог на годишната програма.

- ***Тимска работа и училишна клима***

Во нашето училиште тимската работа е застапена со што се поттикнува попродуктивна соработка помеѓу наставниците, се одржуваат ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки. Зголемено взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации, отворена комуникација и се почитува мислењето на секој поединец, да се биде критичен и самокритичен. Ваквата тимска работа се согледува преку изработката на годишната програма, изработка на самоевалација на училиштето, изработка на планот за разој на училиштето, преку работата на стручните активи, вклученоста на наставниците во проектните актиности во училиштето како и учество на различни манифестации организирани во училиштето и локалната средина, при што од вака организираната тимска работа произлегуа позитина клима во училиштето.

## 16. Вклученост на семејствата во училиштето

- ***Во животот и работата на училиштето***

Соработката со родителите претежно се остварува на родителските средби (индивидуални или групни). На тие средби најчесто ќе ги информираме родителите за постигнувањата и напредокот на нивното дете.

| Содржина | Цели | Реализатор | Форми | Време | Ресурси | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Индивидуални родителски средби | Информирање на родителите за состојбите | Педагог, психолог, директор, наставници | Разговор | Цела година | Утврдени состојби | Надминување на слабостите |
| Групни родителски средби | Информација за состојбите | Педагог, психолог, директор, наставници | Разговор, дискусија | По потреба | Утврдени состојби | Унапредување на соработката |
| Родителски средби на паралелките | Информација за состојбите | Педагог, психолог, наставници | Разговор, дискусија | По два пати на полугодие | Податоци од советот | Подобрување на состојбите |
| Општа родитеска средна на ниво на учил. | Информирање на општите состојби | Директори и стр.соработници | Групна дискусија | Септември, јануари, јуни | Разни податоци | Подобрување на состојбите |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Отворени денови | Информирање на родителите | Наставници | Разговори | 4 пати во годината | Извештаи | Разрешување на проблемите |
| Приемни денови | Информирање за конкретни состојби | Наставници | Разговор | Според распоред | Впечатоци на наставници | Подобрување на состојбите |

| Отворен ден | Октомври 2014 | Декември 2014 | Март 2015 | Мај 2015 |
|---|---|---|---|---|

➢ ***Едукација на семејството***

- запознавање на родителите со психолошките карактеристики на децата и пружање помош за насочување на нивниот развој;
- давање совети за решавање на развојни и други проблеми кај учениците кои се последица на дисфункционални семејни односи;
- советодавна – инструктивна работа со родители чии деца имаат тешкотии во развојот;
- пружање помош во благовремено откривањена надарени деца и укажување на можности за поттикнување и насочување на нивниот општ и професионален развој;
- педагошко – психолошка едукација на родителите.

➢ ***Изработка на брошура за родители***

Се изработува брошура за родители на почетокот од наставната година при што им се презентира делови од годишната програма за работа на училиштето како и делови од кодексите на однесување и сл., со цел родителите да бидат што повеќе информирани за работата на училиштето. Одговорен на тимот за изработка на брошурата е: Стефанија Петрова.

## 17. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

➢ ***Локална заедница***

Ангажираност во училиштето во рамките на својата воспитно-образовна дејност ќе се манифестира и преку разновидните културни и образовни активности, преку чие остварување се вклучуваат во задоволување на културно образовните потреби на локалната средина. Потесна и непосредна соработка со локалната средина ќе оствaруваме преку родителите на учениците, родителските одбори во паралелките и советот на родители. Посебно место во соработката со локалната средина ќе претставува континуирана соработка со локалната управа, поготово со Градоначалникот и советот.

Таа соработка ќе биде поинтензивна во областа на:

• материјалното и финансовото работење,
• подобрување на просторните услови за работа,
• унапредување на воспитно-образовната работа,
• учество на општествено-корисна работа,
• разни културни и спортски манифестации,
• имплементирање на проекти и сл.

Во продолжение следува програма за соработка со локалната средина

| Цели | Реализатор | Форми | Време | Ресурси | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Имплементирање на училиштето во работата со локалната самоуправа | Училиштето и локалната самоуправа | Групна | По потреба | Годишни програми на наставниците | Взаемна соработка меѓу училиштето и локалната самоуправа |
| Афирмирање на училиштето и унапредување на културната традиција | Општината | Следење на манифестации | Континуирано | Програми од општеството | Негување и издигнување на културното ниво |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вклучување на училиштето во активностите во локалната средина | Директор и членови на комисии | Разговор | Октомври | Документи и програми | Зголемување на интересот за соработка |
| Вклучување на училиштето во активностите на НВО | НВО и Училиштето | Групна | Во текот на годината | Програми | Дружење и соработка |
| Вклучување на училиштето во активностите на општината и другите организации | Директор, претседател на Училишен одбор | Разговор и презентирање на програми | Ноември | Документи и програми | Финансиска и друга помош |
| Вклучување на училиштето во активностите на Сојузот на борците | Сојузот и Училиштето | Групна | По потреба | Програми | Дружење и соработка |

- ***Институции од областа на културата***

Соработката со други воспитно-образовни установи ќе значи соработка со основните училишта од општината, Републиката и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности.

Во текот на годината ќе се организираат посети на музеи, изложби театарски и кино претставии. Ќе се соработува со Дом на културата, библиотека и музеи.

- ***Институции од областа на образованието***

Основни училишта, училишта за средно образование (1 гимназија, 2 стручни училишта, интернат за ученици, училиште со посебни потреби, градинка и ПСУ “Јахаја Кемал“.

- ***Невладини организации***

Ќе се продолжи соработката и со следниве невладини организации: Совет за превентива на малолетничка деликвенција, Црвен крст на Македонија – Кавадарци, ЗОНА, Еко живот, Општински совет за превенција на малолетничко престапништво.

- ***Здравствени организации***

Дел од културно-образовните активности во училиштето ќе се реализираа во соработка со населението од локалната средина и преку Детската организација во училиштето, која е основен двигател на сите активности, преку организацијата на Црвениот крст, еколошкото друштво, и ќе се превземаат најразлични акции на соработка, а кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина.

- ***Медиуми***

Активностите на учениците со информирањето ќе се одвива континуирано во текот на годината. Информирањето ќе се врши преку разни списанија и весници ( како и преку училишниот весник „Бубамара“, веб- страната на училиштето и Facebook- профилот), стручни листови како “Просветен работник“, “Просветно дело“ и други стручни списанија како и преку радио и телевизија (локалните телевизии КТВ и ТВТ).

## 18. Прилози

- Годишна програма за работа на: директор, педагог, психолог, помошник директор, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, библиотекар, дефектолог.
- Програма за само- евалвација на училиштето
- Програма за реализација на ученички екскурзии
- Програма за општествено хуманитарна работа
- Програма за работа на ученичка заедница
- Програма за соработка со локална средина и локална заедница
- Програма за грижа за здравјето на учениците
- Програма за јавна и културна дејност на училиштето
- Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем:
  Прилог 1. Формулар за членови на еко-одбор
  Прилог 2. Анализа на состојбата на животната средина
  Прилог 3. План на активности
  Прилог 4. Следење и евалуација
  Прилог 5. Поврзување со наставната програма
  Прилог 6. Известување на пошироката заедница
  Прилог 7. Еко-кодекс
  Прилог 8. Меморандум за соработка со општината
- Распоред на часови
- Програма на инклузивен тим за образование
- Програма за превенција од насилно однесување во основното училиште
- Програма за професионална ориентација на ученици
- Следење, вреднување и унапредување на воспитно- образовната работа
- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)

- ***Тим кои учествувал во изработката на ГП:***

  **Кире Пендев – педагог;**

  **Бети Темова – педагог;**

  **Анастасија Јовановска – психолог;**

  **Милка Маневска – одделенски наставник;**

  **Кире Крстевски – предметен наставник**

***Датум и потпис на директот*** ***М.П.*** ***Потпис на претседател на УО***

______________________________ ______________________________

**Васка Јовановска** **Стефка Саздовска**

# ПРИЛОЗИ

**Прилог бр. 1**

## Анкета за изборни предмети

Изборни предмети VI – IX одделение

- Заокружи еден од наведените предмети кој што сакате да го изучува вашето дете:

| И З Б О Р Е Н   П Р Е Д М Е Т |
|---|
| 1. Нашата татковина |
| 2. Воспитаните за околината |
| 3. Истражување на родниот крај |
| 4. Танци и народни ора |
| 5. Проекти од музичка уметност |
| 6. Проекти од ликовна уметност |
| 7. Техничко образование |
| 8. Проекти од информатика |
| 9. Изборен спорт |
| 10. Унапредување на здравје |
| 11. Вештини за живеење |
| 12. Програмирање |

Потпис на родител

____________________

**Прилог бр. 2**

## Програма за работа со надарени деца
## Учебна 2014/2015 година

| Цели | содржини и активности | реализатор | време | очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| -Креирање на политика за работа со надарени ученици<br>-Формирање на Училишен тим за работа со надарени ученици | -Формирање на тим за поддршка<br>-Изготвување на годишна програма за работа<br>-Евидентирање на надарените ученици<br>-Разговор со одд. наставници и раководители | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | септември<br>октомври | -Успешна реализација на планираните активности |
| -Идентификација на надарените ученици преку прашалници за логичко-математичка надареност, музичка, ликовна и надареност за јазик<br>-Запознавање на тимот со надарените | -Разговори со одд.наставници, раководители, предметни наставници и родители<br>-Сов.консул.разговори со одд.настaвници, ракововодители, предметни | Стручни соработници<br>Одд. наставници и раководители<br>Предметни наставници<br>Стручни соработници, одд.наставници, одд.раководители и предметни | Октомври | - Преглед и евиденција на надарените ученици според видот на надареноста на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ученици и видот на надареност<br>-Задавање на тестови за утврдување на специфичните способности на учениците преку батеријата ДАТ | наставници,ученици и нивните родители | наставници ученици, родители | Јануари, февруари | -Проценка на специфичните способности на надарените ученици<br>-Примена на соодветни форми/методи за работа со овие ученици |
| -Вклучување на надарените ученици во додатна настава и вonнаставни ученички активности | Примена на современи наставни методи и форми<br>-Избор на задачи, материјали, дополнителна литература за развивање на интересите и надареноста на овие ученици | Одд.наставници и раководители<br>Предметни наставници | Во текот на годината | -Планирање и организација на поучувањето на овие ученици<br>-Проширување на програмите за работа со соодветни содржини прилагодени кон потребите на надарените ученици |
| -Следење на индивидуалните постигања на надарените учениците<br>(на крајот на секој квалификационен период) | -Евиденција на успехот, редовноста и однесувањето<br>-Анализа на постигањата на надарените ученици од работата во воннаставните ученички активности | Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници<br>Предметни наставници<br>Родители | ноември, јануари, април,јуни | -Проценка на постигањата на овие ученици<br>-Определување на соодветни форми/методи за понатамошна работа<br>-Podobruvawe na postigawata надарените |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | и додатната настава | | | |
| -Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на надарените ученици | -Разговори со учениците на одд.часови<br>-Разговори со родителите на родителски и индивидуални средби | Стручни соработници, родители, одд.наставници и раководители, предметни наставници | Во тек на годината | -Развивање на позитивни ставови кај учениците кон надарените учениците<br>-Вклучување на надарените ученици во активности од локалната заедница<br>-Подобрување на социјализацијата на надарените u~enicite |
| -Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со надарените ученици | -Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на програмата за работа со надарени ученици<br>-Изготвување на стратегија за понатамошна работа | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Јуни | Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со овие деца |

**Тим за поддршка**: Стручни соработници и наставници

## Годишна програма за работа на директорот

Работата на директорот да е насочена кон унапредување на сите сегменти на работа и остварување на целите и задачите на воспитанието и образованието.

Директорот ја организира воспитно- образовната работа во училиштето. Директорот како педагошки раководител во училиштето, глобално работи на:

- административно организаторска и
- педагошко - инструктивна.

## Програма за работа на директор

Во рамките на оваа подрачје директорот се јавува како организатор и иницијатор на целокупната работа во училиштето. Како орган на раководење ги спроведува насоките и одлуките што ги донесуваат органите на управување (Училишен одбор, стручни органи, Наставнички и одделенски совет, одделенски раководители, стручни активи).

| | | |
|---|---|---|
| **А** | | **Административно-организаторска работа** |
| | **I.** | **Административна работа** |
| | **II** | **Организационо-техничко средување на училиштето** |
| | **III** | **Административно-правна работа** |
| | **IV** | **Документација и евиденција** |
| **Б** | | **Педагошко-инструктивна работа** |
| | **I** | **Концепциско – програмско** |
| | **II** | **Следење на организацијата и реализацијата на наставно - образовната работа и друга стручно педагошка работа во училиштето** |
| | **III** | **Работа со наставници - педагошки увид во наставата** |
| | **IV** | **Работа со стручни органи ви училиштето** |
| | **V** | **Работа со ученици и ученички организации** |

| | | |
|---|---|---|
| | **VI** | **Следење и разрешување на карактеристични воспитно-образовни проблеми и други негативни појави во работата на училиштето** |
| | **VII** | **Соработка со стручни служби во училиштето и стручни институции надвор од училиштето** |
| | **VIII** | **Перманентно стручно педагошко-психолошко усовршување на наставниот, воспитниот и друг стручен кадар** |
| | **IX** | **Работа со наставници, воспитувачи и стручни соработници** |
| | **X** | **Соработка со родителите на учениците** |
| | **XI** | **Други работни задачи на директорот** |

По потреба Годишната програма за работа на директорот може да претрпи промени во склоп со актуелни тековни проблематики и информации од воспитно образовната дејност.

## Оперативна програма за работа на директорот за учебната 2014/2015 година

| Водство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред Бр | Програмска содржина | Време | Соработници | |
| 1 | **Изготвување на Годишна програма за работа на училиштето** | IX | Стр. Служба<br>Наставници | |
| 2 | **Подготвување на концепција за распределба на :**<br>• Наставни предмети;<br>• Фонд на чаови;<br>• Одделенски раководства;<br>• Одговорни на стручни активи;<br>• Одговорни за релизација на подрачја од воспитно-образовната работа;<br>• Тимови-комисии за релизација на подрачја од воспитно-образовната работа | IX | Стр. Служба<br>Наставници | |
| 3. | **Координирање при изготвување на:**<br>• Распоред на чаови;<br>• Распоред на додатна, дополнителна настава;<br>• Распоред на слободни ученички активности | IX | Наставници | |
| 4. | **Изготвување на сопствена програма за работа** | IX | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5.** | **Следење, контрола и анализа на водењето на педагошката документација** | IX-VI | Стр. Служба |
| **6.** | **Изготвување на план за стручно усовршување на наставниот кадар и стручните соработници** | XI | Стр. Служба |

**РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА**

| **Ред Бр** | **Програмска содржина** | **Време** | **Соработници** |
|---|---|---|---|
| **1** | Следење на прописи, написи за работата и програмирањето на работата на стручните органи и тела, нивните права, обврски | **IX-VI** | Стр.Служба Наставници Секретар |
| **2.** | -Планирање,водење на работата на Одделенските совети<br>-Планирање и водење на работата на Наставн. Совет | **X-VI** | Стр.Служба Наставници |
| **3.** | Следење насочување и учество во работата на стручните активи | **X-VI** | Стр.Служба Наставници Одг. на стр. активи |
| **4.** | Соработка и следење на работата на стручните соработници | **X-VI** | Стр.Служба |
| **5.** | Соработка и следење на работата на одделенските раководители | **X-VI** | Стр. Сл. Н-Р-У |

## АНАЛИТИЧКО-СТУДИСКА РАБОТА

| Ред Бр | Програмска содржина | Време | Соработници |
|---|---|---|---|
| 1 | Изготвување информации, осврти, анализи и извештаи за: | IX-VI | Стр. Служба Наставници |
| 2. | • Опременост на кабинетите и условите за работа во училиштето | VIII, I.VI | Наставници |
| 3. | • Успехот и поведението на учениците на квалификационите периоди, полугодие и крајот на учебната година | XI, I, IV, VI | Стр. Служба Наставници |
| 4. | • Следењето на реализацијата на зацртаните приоритети | XI, I, VI | Стр. Служба |
| 5. | • Следењето на реализацијата на проектте во училиштето | VI | Стр. Служба |
| 6. | • Реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето | I, VI | Стр. Служба |
| 7. | • Анализа на тематски и дневни подготовки | X-VI | Стр. Служба |

## СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ, УЧЕНИЦИ И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

| Ред Бр | Програмска содржина | Време | Соработници |
|---|---|---|---|
| 1 | Планирање и следење на реализацијата на општите родителски средби | IX-VI | Стр. Служба Наставници |
| 2. | Планирање на форми за соработка со родителите-трибини,работилници, индивидуални средби | VIII-VI | Стр. Служба Наставници Родители |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.** | Соработка со Ученичката заедница, паралалки, групи или индивидуално | **IX-VI** | Стр. Служба Наставници Ученици |
| **4.** | Соработка со МОН и БРО на РМ, одговорен советник на училиштето | **IX-VI** | НОН, БРО на РМ, советник |
| **5.** | Соработка со основни и средни училишта | **IX-VI** | |
| **6.** | Соработка со локална самоуправа, градоначалник | **IX-VI** | Општина |
| **7.** | Соработка со институции од интерес на воспитно-образованата дејност: Центри за социјални работи, Завод за ментaлн здравје, УНИЕФ, ДКЦ Карпош, библиотеки, кина, музеи; | **IX-VI** | Институции |

**СТРУЧНО УСОВРШУВАЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР**

| **Ре Бр** | **Програмска содржина** | **Време** | **Соработници** |
|---|---|---|---|
| **1** | Подтикнување на настаниот кадар и стручните соработници кон самоусовршување, посета на семинари | **IX-VI** | Стр. Слу Наставници |
| **2.** | Опременост на училишната библиотека со стручна литература | **IX-VI** | Стр.Слу Наставници |
| **3.** | Реализација на програмата на стручните активи | IX-VI | Одговорни на стр. активи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4.** | Опременост на училиштето со нагледни средства, изработка на истите | **IX-VI** | Стр. Сл. Наставници Родители |
| **5.** | Опременост на училиштето со нагледни средства, изработка на истите | **IX-VI** | Наставници Родители |
| **6.** | Следење на примена на техники на формативно-сумативно оценување | **IX-VI** | Стр. Слу Наставници Родители |

**ДРУГИ РАБОТНИ ЗАДЧИ**

| **Ре Бр** | **Програмска содржина** | **Време** | **Соработници** |
|---|---|---|---|
| **1** | Обезбедување и подобрување на материјално-техничките услови за работа на училиштето | **IX-VI** | Стр. Слу Наставн. Техн. персонал |
| **2.** | Следење и увид во работата на административната служба во училиштето | **IX-VI** | Секретар |
| **3.** | Следење и увид во финансиското работење на училиштето | IX-VI | Секретар Сметков. |
| **4.** | Активно учество во работата на:<br>• Советот на родители во училиштето<br>• Училишниот одбор | **IX-VI** | Стр. Сл. Настав. Родители |
| **5.** | Грижа за хортикултурно уредување на училиштето и училишниот двор | **IX-VI** | Наставн. Родители |
| **6.** | Грижа за безбедноста на училиштето | **IX-VI** | МВР |

**Директор**

**Васка Јовановска**

## Годишна програма за работа на педагогот
## во учебната 2014/2015 година

Годишната програма за работа на училишниот педагог е изготвена врз основа на:

- Законот за основно образование
- Концепцискиот документ "Основно образование - содржини и организација на воспитно образовната дејност";
- Основите за прооограмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и рабоптата на стручните работници од 1998 год. ;
- Статутот на училиштето;
- Основите за планирање на содржините и организацијата на воспитно-образовната дејност на основното училиште 2006 год;
- Наставните програми
- Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2013/2014
- Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2013/2014 год;
- Условите , состојбата и потребите на училиштето;

### РАБОТНИ ЗАДАЧИ ПО ПРОГРАМСКИ ПОДРАЧЈА

1. **Програмско подрачје – Планирање и програмирање на воспитно – образовната раобота .**

| Бр. | Содржини на работата | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Учество во изготување на Годишната програма за работа на училиштето | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Август |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Учество во изготвување на Програма за развој на училиштето | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Август Септември |
| 3. | Учество и координација во изработката на наставните планови и програми по одделнија и за поедини предмети | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Август Септември |
| 4. | Учество во изработката на наставните планови за додатна, дополнителна настава, одделенска заедница, секции, екскурзии и настава во природа | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Август Септември |
| 5. | Изготвување на програма за професионален развој на воспитно-образовниот кадар | Комисија<br>Директор<br>Тим за професионален развој | Август Септември |
| 6. | Изготвување на програма за професионална информација и ориентација на учениците | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Септември |
| 7. | Учество во изработката на програми за работа со надарени, деца со емоционални потешкотии и деца со посебни образовни потреби | Директор<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници | Континуирано |
| 8. | Изработка на годишна програма и месечни планирања за сопстевената работа | Директор<br>Психолог | Август<br>Секој месец |

2. **Програмско подрачје – Непосредно следење на воспитно- образовната работа во училиштето**

| Бр. | Содржини на работа | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Учество во изготвување на евиденција на училишните обврзници во тековната година и известување на родителите за уписот и потребната документација. | Директор<br>Психолог | Мај |
| 2. | Следење и набљудување на децата во група за упис во I одд. | Наставници<br>Психолог | Мај |
| 3. | Давање на мислење за деца кои се родени во јануари наредната година | Психолог | Мај |
| 4. | Формирање на паралелки за прво одд. според одредени критериуми (целодневна и класична настава) | Психолог | Август |
| 5. | Запознавање на наставници од прво одделение со карактеристиките на идните првачиња | Психолог<br>Наставници | Август |
| 6. | Запишување на нови ученици и нивно распоредување во паралелки | Психолог | Континуирано |
| 7. | Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната, додатната и дополнителната настава | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Авуст<br>Јуни<br>Континуирано |
| 8.. | Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Авуст<br>Јуни<br>Континуирано |
| 9. | Следење и водење на педагошка евиденција и документација во училиштето | Наставници | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10. | Следење на прилагоденоста на учениците од прво до шесто одделение како и на новодојдените ученици | Наставник<br>Психолог | Септември<br>Октомври |
| 11. | Следење на успехот и редовноста на учениците | Наставник<br>Психолог | Континуирано |
| 12. | Следење и кординирање на работата од проектите:<br>- образование за животни вештини (од прво до осмо одд.)<br>- математика со размислување (од прво до петто одд.)<br>- јазична писменост во почетните одделенија<br>- интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем<br>- користење на информационен систем за управување со образованието (ЕМИС) | Директор<br>Психолог<br>Наставници<br>БРО<br>МОН<br>администратор за ЕМИС | Континуирано |
| 13. | Следење на интерперсоналните односи ( училишна клима ) во училиштето меѓу ученик-ученик, ученик-наставник и наставник-наставник, на индивидуално и групно ниво | Наставници<br>Ученици | Континуирано |
| 14. | Работа на превенција на појавите на насилно однесување на училиштето како член на лидерскиот тим | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| 15. | Следење на постапките на оценување на учениците | Наставници<br>Психолог<br>Директор | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16. | Непосредно следење, проучување, вреднување и унапредување на сопствената работа (планирање, програмирање, евидентирање и документирање). | колеги педагози советници | Континуирано |

**3.Програмско подрачје - Советодавно-консултативна работа со учениците, наставниците и родителите**

| Бр. | Содржини на работа | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето и однесувањето | Психолог Наставници Ученици | Континуирано |
| 2. | Советодавно - инструктивна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост, престапништво | Психолог Наставници | Континуирано |
| 3. | Работа на професионална информација и ориентација на учениците<br>- запознавање на учениците со видовите на средните училишта<br>- индивидуални и групни разговори со учениците за нивните намери и интереси за продолжување на образованието<br>- задавање на анкета за професионалната информираност на учениците<br>- помош и организирање на презентации на струки и занимање од државните и приватни средни училишта од градот | Психолог Наставници | Мај |
| 4. | Давање помош и подршка во вклучување на учениците во учество во различни проекти и активности ( одделенски заедници, ученичка заедница, ПЦК идр. ) | Психолог Наставници | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби | Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници | Континуирано |
| 6. | Откривање на учениците со поголеми можности за напредување и развој , советодавна работа со овие ученици и следење на нивните индивидуални постигнувања | Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| 7. | Советодавна работа со наставници и ученици при избор на слободни активности, јавни настапи, конкурси, натпревари и др | Директор<br>Психолог<br>Наставници<br>Ученици | Септември-Мај |
| 8. | Помош и подршка на наставниците во изготвувањето на годишните, тематските и дневните подготовки | Наставници | Септември |
| 9. | Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на одредени форми и методи на работа со цел унапредување на наставниот процес | Наставници | Континуирано |
| 10. | Консултативно-советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик-ученик и ученик-наставник-семејство | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| 11. | Советодавна работа со наставници во реализирање на проекти | Наставници | Септември-Мај |
| 12. | Давање помош за стручно усовршување на наставниците и нивно упатување за користење на стручна литература заради осовременување на наставниот процес | Директор<br>Наставници<br>Психолог | Континуирано |
| 13. | Учество во работата на стручните тимови и активи, и превземање мерки за унапредување на нивната работа | Наставници<br>Психолог | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Помош во пополнување на професионалното досие на наставниците | Наставници | Континуирано |
| 15. | Советодавна работа со наставниците приправници | Наставници<br>Стручна служба | Континуирано |
| 16. | Советодавна работа со родителите чии деца имаат проблеми со учењето, редовноста и дисциплината | Наставници<br>Психолог | Континуирано |
| 17. | Изготвување на предавања за родителски средби за актуелни проблеми од социјалниот и емоционалниот развој на учениците | Психолог | Континуирано |
| 18. | Промовирање и поттикнување на родителите во поедини облици на работа во училиштето | Наставници<br>Психолог | Континуирано |
| 19. | Запознавање на родителите со Конвенцијата за детските права | Наставници<br>Психолог | Септември |
| 20. | Давање, подршка и помош во работата на Советот на родители и Училишниот одбор | Наставници<br>Психолог | Континуирано |

**4. Програмско подрачје - Аналитичко - истражувачка работа**

| Бр. | Содржини на работа | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Анализа на општите услови за реализација на воспитно-образовната работа во училиштето | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Август-Септември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Изработка на анализа за успехот и дисциплината на учениците на класификациони периоди<br>( тромесечја, полугодие и крај на година ) | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Ноември<br>Декември<br>Април<br>Јуни |
| 3. | Анализа на часовите на редовната настава и другите облици на воспитно-образовната работа на кои присуствувал педагог и согледување на нивната дидагтичко-методска заснованост | Директор<br>Психолог<br>Наставници | Октомври<br>Март |
| 4. | Испитување на нивото и квалитетот на ученичките знаења<br>- испитување на брзината и точноста на читање на:<br>а) нелогичен текст<br>б) логичен текст<br>Презентација на Наставнички совет | Психолог | Декември |
| 5. | Учество во изготвување на полугодишен и годишен извештај за работа на училиштето | Психолог<br>Предметен наставник по информатика | Јануари<br>Јуни |
| 6. | Изготвување на извештај за сопствената работа | Психолог | Јануари<br>Јуни |
| 7. | Изготвување на извештаи по спроведени анкети за избор на втор странски јазик и изборен предмет | Психолог | Јуни |
| 8. | Изготвување на анализа и извештај по спроведена анкета за професионалната информираност и ориентација на учениците од осмо одд. | Психолог | Мај |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Анализа на потребите за стручно усовршување на наставниот кадар | Психолог<br>Наставници | Континуирано |

6. **Програмско подрачје - Соработка со стручни институции, локална заедница и стручно усовршување**

| **Бр.** | **Содржини на работа** | **Соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| 1. | Учество во работата на стручни друштва органи и организации<br>( Современ педагог , БРО, други училишта и др) | Педагог<br>Наставници<br>Психолог | Еднаш месечно и по потреба |
| 2. | Соработка со образовни, здраствени, социјални институции и други установи кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно- образовната работа | Психолог | Континуирано |
| 3. | Учество во размена на искуства со други педагози и психолози | Педагози<br>Психолози | Континуирано |
| 4. | Учесво во воспоствување на соработка со локалната заедница и реализација на заеднички активности | Директор<br>Наставници<br>Психолог<br>Ученици | Континуирано |
| 5. | Индивидуална работа на сопственото стручно усовршување (следење стручна литература, перманентно стручно усовршување преку посета на семинари, советувања и обуки организирани од МОН, БРОи др. институции, учество во работата на здружението на училишни педагози | Советници<br>Падагози<br>Психолзи | Континуирано |

**6. Програмско подрачје - Педагошка евиденција и документација**

| Бр. | **Содржини на работа** | **Соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| 1. | Годишна програма за сопствената работа | Психолог | Континуирано |
| 2. | Месечен оперативен плана за работа | Психолог | Секој месец |
| 3. | Хронолошки дневник за работа | Психолог | Континуирано |
| 4. | Евиденција за соработка со ученици, наставници и родители | Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| 5. | Водење на педагошки картон за работата на наставниците | Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| 6. | Водење на професионално досие на наставниците | Психолог<br>Наставници | Континуирано |
| 7. | Документација за извршаната аналитичко-истражувачката работа<br>( прегледи, инструменти,извештаи, анализи, информации и др ) | Психолог | Континуирано |

**Училишен педагог:**
**Киро Пендев**
**Бети Темова**

# Годишна програма за работа на психологот
# во учебната 2014/2015 година

| време | Содржина на активности |
|---|---|
| Август | **ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВАНАТА РАБОТА И ВРЕДНУВАЊЕ НА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ**<br>**Планирање и програмирање**<br>– Учество во изработка на годишната програма за работа на училиштето<br>– учество во изработка на: унапредување на ВОР, воспитна рабта со ученици, стручни органи, педагошко-психолошко усовршување на наставниците, професионална ориентација, соработка на училиштето со семејството<br>– усклaдување на поедини програми со појдовната концепција на годишната програма за работа на училиштето<br>– изработка на годишни и месечни планови и програма за работа |
| Во текот н | **Следење и вреднување на реализацијата на ВОР**<br>- ефикасноста на новите методи на работа<br>- мотивација на учениците за учење<br>- развој и напредување на личноста на ученикот<br>- усклaденост на програмата со индивидуалните можности на ученикот<br>- оценување на учениците |

| | |
|---|---|
| а<br><br>г о д и н а т а | **УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОР И ИНСТРУКТИВНО ПЕДАГОШКА РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ**<br><br>• пружање на помош во поттикнување на оптималниот развој на учениците на ниво на индивидуални карактериситки<br>• запознавање со психолошките принципи за учење и мотивација за работа<br>• утврдување на психолошки причини за заостанување на ученикот во образовните постигнувања и во развојот<br>• пружање помош во идентификација на надарени ученици, утврдување на видови на надареност, и предалагање на програми за поттикнување и насочување на нивниот развој (интерна дообучување)<br>• укажување на наставниците и одделенските раководители на причините за пореметување на интерперсоналните односи  и предлагање на мерко за нивно надминување<br>• пружање на помош на наставниците во насочување на учениците<br>• Анализа на часови на кои присуствувал психологот и согледување на прилагоденоста на програмите на развојната возраст на ученикот, атмосферата во одделението и мотивација за работа |
| септем<br>ври<br><br>октомв<br>ри<br><br>ноемвр<br>и | **РАБОТА СО УЧЕНИЦИ**<br>• Следење на прилагоденоста на учениците во 1 и 2 одд. и откривање на потешкотии во напредувањето<br>• Следење на прилагоденоста на учениците при преминот од 5 во 6 одд. и потешкотиите во адаптацијата, преку:<br>- посета на часови;<br>- опсервација;<br>- разговор со ученици, родители, наставници; |

| | |
|---|---|
| Април<br><br>Мај | - следење и прашалници<br><br>**Испитување**<br>• социјално-емоционална зрелост на ученикот за поаѓање во училиште, предзнаења општи и посебни способност, мотивација за учење, особини на личноста, вредносни ориентации и ставови, групна динамика во одделението, статус на поединецот, професионални интереси, склоности на ученици кои подлежат на категоризација, психолошки фактори на успех и напредување на ученикот и одделението |
| Во тек на год | • идентификување на ученици на кои им е потребна корективна работа<br>• испитување на структурата на одделението и нивните меѓусебни односи<br>**Изработка на инструменти за испитување на ученици: анкети, скали, процени, социометриски прашалници**<br><br>**Организирање**<br><br>• советодавно-инструктивна работа со неуспешни ученици во настава, со тешкотии во емоционалниот развој и созревање, со пречки во физички развој, семејни проблеми и пореметено однесување<br>• оспособување на учениците за усвојување на рационални методи на учење |

| март | Активности на професионално насочување на учениците |
|---|---|
| В о т е к о т н а г о д и н а т а в о | • семинари, трибини, работилници и др. активности од областа на педагошка, развојна, социјална психологија и ментална хигиена<br><br>**СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ**<br>**8.** запознавање на родителите со психолошките карактеристики на децата и пружање помош за насочување на нивниот развој<br>**9.** давање совети за решавање на развојни и други проблеми кај учениците кои се последица на дисфункционални семејни односи<br>**10.** советодавна – инструктивна работа со родители чии деца имаат тешкотии во развојот<br>**11.** пружање помош во благовремено откривањена надарени деца и укажување на можности за поттикнување и насочување на нивниот општ и професионален развој<br>**12.** педагошко – психолошка едукација на родителите<br><br>**ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНА ПРАКСА, АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА**<br>**13.** истражување на образовно воспитна пракса и специфични проблеми во училиштето<br>**14.** учествување во истражување на други учолишта научни и други институции<br>**СОРАБОТКА СО СТРУЧНИ ИНСТИТУЦИИ, ЛОКАЛНА СРЕДИНА И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ**<br>**15.** соработка со образовни, здравствени и социјални институции и др. Установи кои ќе допринесат за остварување |

текот на годината

на целта и задачите на ВОР

**16.** учествување во организирани форми на размена и искуства и соработка со училишни педагози и психолози (активи и секции)

**17.** организирање на сопствено стручно усовршување

**18.** менторска работа со студенти на пракса

**ВОДЕЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

- водење на документација за сопствената работа – план и програма за работа (годишен и месечен), дневник на работа, досие за работа со ученици, извештаи
- водење евиденција за соработка со ученици, наставници и родители и нивно советување

**ПРИПРЕМА ЗА РАБОТА**

- припремање и планирање на работата: со ученици, наставници и родители, анализа и соопштување, следење на стручна литература, посета на часови, семинари, работилници, воведување иновации во ВОР. Проучување на стручна литература
- Припремање и договарање со останатите стручни соработници, стручни институции со заеднички задачи во училиштето и надвор од него.

**Училишен психолог:**
**Анастасија Јовановска**

## Програма за работа на Училишен одбор за учебната 2014/2015 година

| Содржина на активностите | Време | Реализатори: |
|---|---|---|
| Разгледување и донесување Годишната програма за работа на училиштето | VIII | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Кадровски прашања | VIII - IX | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Разгледување на измени и дополнувања во Законот на основно образование | Тековно | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Предлга финансов план за работа на ОУ до основачот | XII | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Попис, отпис и расходување, амортизиран инвентар | Тековно | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Донесување одлука за набавка и користење основни средства | Тековно | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Разгедување на Правилници,акти и други прописи и навно усогласување со законската регулатива | Тековно | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Анализа на извршените санации и потребните тековни и инвестициони вложувања | Тековно | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Разгледување на финансовиот извештај и други извешти за материјално - финансовото работење во училиштето | I -II | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Разгледување и усвојување на годишната, завршна пресметка за материјално - финансовото работење | I-II | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Предлга финансов план за работа на Оу до основачот | | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Усвојување на Извештајот за работата на училиштето во – I полугодие и Годишниот извештај | I- II<br>VI-VIII | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Евалуација на самоевалуација и развојни цели на училиштето | цела година | Директор |

*Училишниот одбор одржува и други состаноци по потреба и решава прашања кои ќе се јават во текот

на годината во рамките на своите законски овластувања.

## Програма за работа на Советот на родители за учебната 2014/2015 година

Советот на родители при ООУ Страшо Пинџур Кавадарци е составен од 38 члена кои преставуваат по еден преставник од секое одделение.
Претседател на советот е Диме Крстев. Програмата за работа на Советот на родители е следната:

| Цел | Содржина | Реализатор | Време | Ефект |
|---|---|---|---|---|
| Запознавање со Годишната програма на училиштето | Средби<br>Разговори<br>работилници | Родители<br>Наставници<br>Стр.служба | септември | Презентирање на работата на училиштето |
| Промовирање во локалната заедница за соработка | Средби<br>Разговори<br>работилници | Родители<br>Наставници<br>Стр.служба | октомври | Презентирање на работата на училиштето |
| Акции за подобрување на условите во кои работи училиштето | Уредување<br>Манифестации<br>Еколошки акции | Родители<br>Наставници<br>Стр.служба | Декмври<br>Март<br>април | Набавка на приоритетни материјали за училиштето<br>Развивање на еколошка свест |
| Формирање на комисии и тела | Учевство во избор на понудувачи за: ужинка,осигурање, сликање, екскурзии и | родители | постојано | Учевство во училишни активности и подобрување на ученичкиот стандард |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | полуматура | | | |
| Подобра соработка училиште – родители | Средби<br>Разговори<br>работилници | Родители<br>Наставници<br>Стр.служба | постојано | Квалитетни комуникации на релација<br>У-Н-Р |
| Изготвување на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби | Утврдување на критериуми за вреднување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби согласно прилагодените индивидуални планови | Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници | Мај | Развивање на стратегии за користење на индивидуални инструменти и критериуми при вреднување на постигањата на овие ученици |
| Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со децата со посебни образовни потреби | -Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на индивидуалните образовни планови<br>-Изготвување на развоен план за работа со овие ученици во идната учебна година | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Јуни | Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со овие деца |

**Тим за поддршка: Стручни соработници, дефектолози**

# ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**Акционен план за превенција од насилно однесување во училиштето**

| Задачи | Активности | Одговорни лица | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Утврдување на постапки и процедури во случаи на насилно однесување | Запознавање на Наставничкиот совет , одделенските совети, Советот на родители, Училишниот одбор и Ученичката заедница со утврдените постапки процедури<br><br>Изготвување на обрасци за евиденција на појавите на насилно однесување<br><br>Одржување на состаноци на лидерите на тимот за превенција од појави на насилно однесување | Директор<br><br>Стручни соработници<br><br>Членови на советот на родители<br><br>Психолог<br><br>Педагог<br><br>Директор<br><br>Стручни соработници | Септември |
| Соработка со релевантни установи | Соработка со МВР ; Центарот за социјална работа ; Здравствени | Директор | Во тек на годината |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | установи<br><br>Поднесување писмени пријави до надлежните служби | Тим<br><br>Стручни соработници | Во тек на годината |
| Континуирано следење и евидентирање на појавите на насилно однесување во училиштето | Доследно спроведување на постапките и процедурите во случаи на насилно однесување и заштита од насилство<br><br>Евидентирање на случаите на насилство во училиштето и изготвување на извештаи за спроведените активности | Директор<br><br>Директор<br><br>Наставници<br><br>Стручни соработници | Во тек на годината |
| Поддршка на учениците кои трпат насилство | Советодавна работа со учениците и евиденција | Одд.наставници и раководители и стручни соработници | Во тек на годината |
| Работа со учениците кои манифестираат насилно однесување | Советодавна работа со учениците и евиденција<br><br>Соработка со релевантни установи<br><br>(Центар за социјална работа) и нивно вклучување во работата со овие ученици | Одд.наставници и раководители и стручни соработници<br><br>Стручни лица од ЦСР | Во тек на годината |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Соодветна работа со родителите | Советодавна работа со родителите на учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување | Одд.наставници и раководители и стручни соработници | Во тек на годината |

За успешно реализирање на овие активности е најважно:

- постојано следење на однесувањето на учениците од одделенските наставници и раководители, посебно на учениците со несоодветно однесување, одговорно дежурство од страна на наставниците и учениците, добра меѓусебна соработка помеѓу одд. наставници и раководители и брзо и адекватно реагирање при појави на насилство.

**П О Л И Т И К А на ООУ. Страшо Пинџур“**

**како дел од програмата УЧИЛИШТЕ БЕЗ НАСИЛСТВО**

**I.Вовед**

Во ООУ „Страшо Пинџур“во периодот од ноември - февруари 2011, како дел од ревизијата на програмата Училиште без насилство беше направено истаржување со три целни групи (родители , училишен персонал и ученици) за идентификување на видот и причините на насилство кои се присутни во училиштето.

Според резултатите кои се добиени, беа идентификувани следните видови на насилство, како најзастапени:

1. Вербално и физичко насилство помеѓу учениците
2. Уништување на училишниот инвентар

Причините кои трите целни групи ги посочуваат како основни за појавата на овие видови на насилство се следните:

1. Недоволна грижа и конторла од родителите
2. Провокација

3. Самоодбрана

**II. Цели и принципи на политиката за креирање на училиште без насилство**

*ООУ „Страшо Пинџур“е училиштето во кое се создава инспиративна, мотивирачка и безбедна клима за индивидуален развој на учениците во наставата и вон наставните активности. Училиште во кое се развива чувство на одговорност, почитување, критичко мислење и творечки способности, користејќи високи етички стандарди и современа образовна технологија*”,

Повикувајќи се на мисијата на *ООУ „Страшо Пинџур“* целите на политиката за креирање на Училиште без насилство се:

Општа цел:

Училиштето да биде место каде секое дете се чувствува безбедно и слободно и има разбирање за социјална правда и еднаквост.

Конкретни цели на политиката:

1. Намалување на инцидентите со вандализам во училиштето

2.Намалување на инцидентите со вербално и физчко насилство помеѓу учениците

3.Зголемување на свеста кај учениците за негативнитее ефекти од насилството

4.Прифаќање на заеднички практики и процедури при постапување со инцидентите на насилство.

**III.Акционен план за реализација на политиката за креирање на Училиште без насилство**

| **1.Намалување на инцидентите со вандализам во училиштето** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Цел на активноста | Целна група | Одговорно лице | Време на реализација |
| Активирање на училишната заедница за донесување на правило во секоја паралелка | Превземање на одговорност од страна на секој ученик и целата паралелка за надоместување на штетата направена при уништување на училишниот инвентар. | Секоја училишна заедница | Одговорни наставници за уч.заедница<br><br>Одделенски раководител | Септември – Октомври 2013 |
| Информирање на родителите за одлуката | Запознавање и прифаќање на одлуката и од страна на родителите | Совет на родители | Одделенски раководител | Септамври – Октомври 2013 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Снимање на клипови | Зголемување на критичноста кон насилното поведение | Ученици од 6 до 8 одд. | Одделенски раководител | Април 2014 год. |
| | | | | |
| Спортски натпревар | Промовирање на здравите животни стилови | Ученици од 1 до 8 одд. | Милан Колев<br><br>Одделенски раководител | Мај 2014год. |

2. **Намалување на инцидентите со вербално и физчко насилство помеѓу учениците**

| Активност | Цел на активноста | Целна група | Одговорно лице | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Активирање на училишната заедница за донесување на правило во секоја паралелка | Превземање на индивидуална и групна одговорност при случаите на насилство врз соученик. | Секоја училишна заедница | Стручна служба<br><br>Одделенски раководители | Септември – октомври 2013 |
| Информирање на | Запознавање и | Родители на | Класен раководител | Септември – октомври 2013 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| родителите за одлуката | прифаќање на одлуката и од страна на родителите | ученици од секоја училишна заедница | | |
| Снимање на клипови | Зголемување на критичноста кон насилното поведение | Ученици 2 до 5 | Одделенски раководител | Април 2014год. |
| | | | | |

| **3.Зголемување на свеста кај учениците за негативнитее ефекти од насилството** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Цел на активноста | Целна група | Одговорно лице | Време на реализација |
| 1. Работилница за ненасилно решавање на конфликти | Запознавање со ефектите од насилството и усвојување на техники за постапување во конфликтни ситуации. | Ученици од 3 до 8 одд. | Одделенски раководител<br>Стручна служба | Октомври 2013<br>Ноември 2013 |
| 2. Работилница за детски права | Запознавање со спецификите на Детските права, принципите и причините за нивното постоење | Ученици од 1 до 8 одд. | Класен раководител<br>Стручна служба | Декември / Февруари 2014 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 3. Работилница за комуникација и соработка | Запознавање со начините на позитивна комуникација и ефектите од неа. Промовирање на соработката како начин за успевање во заедницата. | Ученици од 6 до 8 одд. | Класен раководител<br><br>Стручна служба | Март / Април 2014 |
| 4. Литературно творење | Промовирање на соживотот, другарството и мирот. | Ученици од 6 до 8одд. | Весна Крстевска<br><br>Зорица Сапунџиева | Ноември 2013 |
| 5. Ликовно творење | Промовирање на соживотот, другарството и мирот. | Ученици од 1 до 8одд. | Класен раководител<br><br>Роза Атанасова | Април 2014 год. |
| | | | | |
| 6. Пишување на пораки на странски јазици | Промовирање на соживотот, другарството и мирот. | Ученици од 6 до 8 одд. | Наставници по англиски јазик | Март 2014 год. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. Етика | Осознавање на учениците за важноста од свеста и покајувањето | Ученици од 6 – 8одд. | Наставник по етикафевруари 2014 год. | |
| 1. Едукација за родители | Подигање на свеста кај родителите за ефектите на родителските стилови врз правилно формирање на однесување на децата. | Родители на деца од :<br>• 1 до 3 одд<br>• 4 до 5 одд<br>• 6 до 8 одд | Стручни служби на училиштето психолог<br><br>Класни раководители | -Септември 2013<br><br>-Октомври 2013<br><br>-Ноември 2013 |

| **4.Прифаќање на заеднички практики и процедури при постапување со инцидентите на насилство** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Цел на активноста | Целна група | Одговорно лице | Време на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | реализација |
| 1. Донесување за правилник за постапување со инцидентите на насилство | Постигнување на јасни правила и процедури за постапување со инцидентите на насилство | Родители<br><br>Наставници<br><br>Ученици | Директор на училиштето<br><br>-Заменик директор<br><br>-Тимот за училиште без насилство | Август 2013год. |
| 2. Едукација за одделенски наставници | Подигање на свеста кај наставниците за бројот и степенот на насилни инциденти во училиштето. Давање на насоки за постапување. | Наставници од одделенска настава | Тимот за училиште без насилство<br><br>Стручна служба - психолог | Ноември 2013 год. |
| 3. Едукација за предметни наставници | Подигање на свеста кај наставниците за бројот и степенот на насилни инциденти во училиштето. Давање на | Наставници од предметна настава | Тимот за училиште без насилство<br><br>Стручна служба - | Ноември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | насоки за постапување. | | психолог | |
| 4. Едукација за ученици | Подигање на свеста кај учениците за бројот и степенот на насилство во училиштето и давање на насоки за постапување. | Сите ученици во училиштето | Тимот на училиште без насилство<br><br>Одделенски наставници | Ноември 2013 год. |

**IV.Политика за спроведување на казни и награди**

Училиштето има веќе изготвени Кодекси за однесување на ученици, наставници, родители и други вработени.

Преку политиката беа направени измени и адаптација на истите за нивно придонесување во промоција на соживот и ненасилно однесување.

Кодексите се приложени како анекси на оваа политика.

**Координатор**

**Милка Маневска**

**Програма за работа на професионална ориентација на учениците во учебната 2014/15 год.**

| **Активности** | **Одговорни лица за реализација** | **Целна група** | **Потребни ресурси (луѓе, средства)** | **Временска рамка за реализација** | **Очекувани резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирање на тим за ПО | -директор | -стручни соработници<br>-наставници | -наставници<br>-план и програма за работа | -август | -навремено и правилно образовно и кариерно информирање, советување и насочување на учениците |
| Организирани посети на стопански и др. организации (компании, бизнис сектор...) во локалната заедница | -директор<br>-одд. наставници<br>-одд.раководители | -сите ученици | -наставници<br>-ангажирање на стручни лица | - во тек на учебната година | -запознавање со одредени струки и занимања<br>-остварување контакти и соработка со компании од ЛЗ |
| Литературни состави и ликовни творби на тема “ Моето идно занимање“ | -одд. наставници<br>-предметни наставници | -сите ученици | -наставници писмени состави<br>-ликовни твобри | - во тек на учебната година | -откривање на сопствените интереси и желби за продолжување на образованието |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Спроведување на анкета за продолжување на образованието | -психолог<br>-педагог | -ученици од осмо одд | -анкети<br>-записници<br>-извештаи | -март | - запознавање со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието |
| -Примена на тестови за општи и специфични способности | -психолог | -ученици од осмо одд. | -тестови од батеријата ДАТ и тестот Тифин | -март<br>-арпил | - помош за правилен избор на струки и занимања |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Советодавно консултативни средби со родителите<br>-Запознавање на учениците со услугите и ресурсите кои ги нуди кариерното катче | -психолог<br>-педагог<br>-одд. раководители | -родители на учениците од осмо одд. | -стручни соработници<br>-анкети<br>-кариерно катче<br>-стручни материјали | -април | -информирање на родителите за критеирумите за упис во средно образование<br>-користење на брошури, летоци и др.стручна литература |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Помош и организирање на презентации на струки и занимања од државните и приватни средни училишта во градот | -психолог<br>-педагог<br>-одд. раководители на осмо одд. | -ученици од осмо одд. | -стручни лица<br>-ЦД презентации<br>-флаери | -во тек на второто полугодие | -запознавање со условите и критеирумите за упис во средно образование<br>-посета на кариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси... |
| Индивидуални и групни разговори со учениците за нивните намери и интереси за продолжување на образованието | -психолог<br>-педагог | -ученици од осмо одд. | -наставници<br>-стручни лица<br>-кариерно катче | -во тек на второто полугодие | -правилен избор на струки и занимања<br>-добивање на информации за изготвување на CV, мотиваციоно писмо и план за развој на кариера за учениците<br>-др.активности поврзани со кариерното советување на учениците |

**Киро Пендев-координатор, Милан Колев, Катица Ставрова, Милан Николов**
*Реализацијата на оваа програма подразбира целосно ангажирање на сите други носители на воспитно образовната дејност воучилиштето, почнувајќи од одд. наставници во прво одд., па натаму.

## ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

| Подрачје на евалуација | Време | Субјект на евалуација |
|---|---|---|
| Следење на реализацијата на Годишната програма во сите нејзини компоненти и планирани активности, а со акцент на<br>- време на реализација<br>- обем на реализација<br>- квалитет на реализација | **IX-VI** | -стручни активи<br>-стручни соработници<br>-органи и тела кои делуваат во училиштето<br>-ученичка заедница<br>-совет на родители |
| Следење на изготвувањето на објективни тестови и нивниот квалитет:<br>-изготвување на инструмент за евалуација на тестовите<br>-анализа на прашањата во тестовите<br>-изготвување насоки за подобрување на квалитетот на објективните тестови | **IX-VI** | -годишни, тематско-процесни и дневни планирања на наставници<br>-увиди на часови за проверка на знаењата<br>-реализација на сите видови на настава и воннаставни активности<br>-постигнувања на учениците на класификационите периоди<br>-реализација на програми за работа со ученици со потешкотии во учењето, ранливи групи на ученици и надарени ученици |
| Следење на примена на нови техники, методи, инструменти, наставни средства и помагала, евидентни листи во наставата:<br>• видот на инструменти кои ги користи наставникот<br>• квалитетот на инструментите кои ги користи наставникот<br>• квалитетот на наставничкото портфолио | **IX-VI** | -Наставници-планирања,<br>-одделенски дневници за реализација на часови,<br>-увиди на часови за примена на иновации во поучувањето и оценувањето<br>- постигнувања на учениците на класификациони периоди<br>-реализација на програми за работа со ученици со потешкотии во учењето, ранливи групи на ученици и надарени ученици<br>-увиди во наставничкото портфолио |

| Подрачје на евалуација | Време | Субјект на евалуација |
|---|---|---|
| Следење на воспитно-образовната дејност при реализација на дополнителна настава | X-V | - планирања на наставници<br>-одделенски дневници<br>-списоци на ученици<br>-постигнувања на учениците на квалификационите периоди |
| Следење на воспитно-образовната дејност при реализација на додатна настава | X-V | -планирања на наставници<br>-одделенски дневници и списоци на ученици<br>-постигнувања на учениците на квалификационите периоди |
| Следење на воспитно-образовната дејност при реализација на работата со ризични групи на ученици | X-V | -планирања на наставници<br>-одделенски дневници и списоци на ученици<br>-постигнувања на учениците на квалификационите периоди |
| Следење на воспитно-образовната дејност во воннаставните подрачја | X-V | -планирања на наставници<br>-одделенски дневници и списоци на ученици<br>-постигнувања на учениците на квалификационите периоди<br>-резултати од учества на натпревари |
| Следење на културните и образовните активности на училиштето во локалната средина | IX<br>XI<br>III<br>V | -соработка со родители;<br>-соработка со локална заедница;<br>-документација за реализирани активности-снимки<br>-паноа, изработки од ученици |
| Следење на реализицијата на училишните проекти:<br>• животни вештини<br>• ПЕП<br>• интеграција на еколошкото обравование во македонскиот образовен систем | IX-VI | -дневници за работа на стручни соработници;<br>-евалуација од посетени часови<br>-увиди во реализација на одделенски час;<br>-увиди во реализација на активности од проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ |

| | | |
|---|---|---|
| Следење на информациите кои ги дистрибуира училиштето<br>• билтен<br>• информации за успех, поведение<br>• веб страна | **X-V** | -усна и писмена повратна информација за напредокот на учениците<br>-приемни денови за родителите<br>-реализација на родит. средби<br>-информатор за активностите на училиштето |
| **Подрачје на евалуација** | **Време** | **Субјект на евалуација** |
| Унапредување на наставата<br>• унапредување на планирањата<br>• развој на информатички вештини<br>• индивидуализација на наставата<br>• зголемување на објективноста во оценувањето | **X-V** | -реализација на наставни планови и програми за задолжителните и изборните наставни предмети и подрачја<br>-реализација на додатна, дополнителна настава и воннаставни активности<br>-формативно и сумативно оценување;<br>-постигања на учениците;<br>-примена на современи наставни форми и методи ;<br>-нагледност во наставата, примена на ИКТ<br>-увиди од работа со ученици со посебни потреби<br>-соработка со институции, организации;<br>-дисеминации од посета на предавања, семинари |
| Соработка со институции, организации, посета на предавања, семинари | **X-V** | -записници од работа на стручни органи и тела;<br>-дописи од наставници и стручни соработници |
| Следење на стручна литература и печат | **XI, I IV, VI** | сите учесници во ВОП |
| Следење на водењето на педагошката евиденција и документација | **X- VI** | -одделенски дневници<br>-матични книги<br>-записници |
| Изготвување на Развоен план на училиштето | **VI- VIII** | координатор за СеУ<br>тим за СеУ<br>директор |

# Годишна програма за работа на Ученичката заедница на училиштето во учебната 2014/2015 год.

**Одговорни наставници: Милица Арсова Стефка Саздовска**

Ученичката заедница на училиштето ги опфаќа учениците од 1 до 9 одделение.

На работата на ученичката заедница на училиштето и даваат помош и подршка директорот, педагогот и психологот на училиштето.

| Содржини | Цели | Месец | Носители на активност |
|---|---|---|---|
| Конституирање | Чувство на припадност, колективност | | Одд. наставници |
| Избор на раководство | Објективност, колективност | | Одд. Раководители |
| Информирање за континуирано давање на ППИ | Повисоки постигања на учениците | | педагог<br>ученици |
| Предлози за патронен празник | Официјализирање на училиштето | IX | Одделенска заедница |
| Прием во детската организација | припадност, колективност | | наставнициод I -IX одд. |
| Детска недела | Солидарност, хумани чувства | | Наставник ПЦК |
| Подготовки за патрониот празник | Учество и смисла за организација | | Наставници, ученици |
| Рециклирање на пластика и хартија еколошка едукација во образовниот систем | Одговорност и изнаоѓ ање начини за финансиско помагање на училиштето | X | Координатор на проектот за еколошка едукација Елеонора Коцева |
| Користење на постапки за потранспарентно оценување - ПЕП | Зголемување на мотивираноста на | | Ученици, наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | учениците за повисоки постигања | XI | |
| Фестивал златно славејче, | Културни настани и манифестации | | Одговорни наставници |
| Акција- денар повеќе | Хуманост кај учениците | | Наставници, ученици |
| Недела за борба против сидата | Информации-подобрување на здравјето | XII | Наставник на ПЦК |
| Естетскиот изглед во училиштетои училиницата | Соработка, иницијатива, креативност | | Одделенски наставници |
| Забава по повод нова година | Пријатна атмосфера,дружење, култура | | Наставници,ученици |
| Запознавање со педагошки мерки | Успех и дисциплина,одговорност, пофалба и казна | I | Ученици, педагог |
| Пофалени ученици | Според училишниот кодекс | | Комисија за успех и дисциплина |
| Анализа на успехот | Откривање на причините за неуспех | | Комисија за успех и дисциплина |
| Зимска изложба | Слободни активности во училиштето | II | Одговорни наставници и ученици |
| Активности со други УЗ | Соработка и разбирање меѓу УЗ | | Наставници, ученици |
| Соработка со родители | Родители во ученичката заедница | | Наставници, родители |
| Ден на еколошка акција на млади | Креативност, одговорност, | III | Наставници,ученици |
| Недела на книгата | Читање книги | | Библиотекар |
| Работни акции и еко патроли | Еколошка свест чиста околина | | Наставник,ученици |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество во априлијада | Креативност, пријатна атмосфера | | Одговорни наставници |
| 7-ми април светски ден на здравјето прошетка до Костурницата | Негување здрав спортски и еколошки дух | | Одговорни наставници за рекреација и спорт |
| 22 Април ден на планетата Земја | Свесност, работни навики, одговорност | | Наставници за производна работа |
| Соработка со педагошка служба | Подобрување на успехот и дисциплината | **IV** | Комисија за успех и дисциплина |
| Положување цвеќе на споменикот Страшо Пинџур | Негување на љубов и почит, историски вредности | | Наставници за екскурзии и посети |
| Натпревари од повеќе области | Натпреварувачки дух | | Ученици, наставници |
| Приредба по повод 24 мај | Негување корените на македонсклиот народ | | Рецитаторска секција |
| Договор за организирана полуматура | Доверба, одговорност,ентузијазам | **V** | Одговорни наставници |
| Извештај за работата | Согледување на резултатите | **VI** | Наставници,претседатели на УЗ |

## Годишна програма за работа на Детската организација во учебната 2014/2015 год.

**Одговорен наставник: Роза Кујунџиева**

| Содржини | Цели | Месец | Носител на активност |
|---|---|---|---|
| Свечен прием на првачиња | Прием на првачињата во нивниот втор дом | IX | ДО |
| 8ми Септември – Ден на независноста | Развивање на патриотски чувства кај учениците кон татковината | | Одделенските наставници со поддршка од настав. по историја |
| Детска Организација -Формирање | Запознавање на учениците со целите на Детската Организација | | Претставници од одделенијата |
| Свечен прием на првачиња во Детската Организација | Добредојде на најмалите членови во Детската Организација | | Одговорни наставници |
| 11Октомври – Ден на македонското народно востание | Градење почит и благодарност кон нашите предци кои ни подарија држава | X | Детската Организација и членовите на секцијата по историја |
| Патронен празник | Искажување почит кон ликот и делото на Стив Наумов | | Членови на Детската Организација |
| 23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба | Запознавањето со жртвувањето на македонските револуционери и нивната национална мисла | | Детската Организација и членовите на секцијата по историја |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Децата во сообраќајот | Учиме како треба да се однесуваме во сообраќајот | XI | Наставникот по Т.О и службено лице од МВР |
| 13 Ноември | Нашиот колективен дом Скопје, проследување на неговата историја | | Членови на Детската Организација |
| " Златно Славејче " – фестивал на детски песни | Традиционално продолжување во следењето на ова музичко обележје на нашиот град | | Членови на Детската Организација и наставникот по хор |
| Прием во подмладокот на Црвениот Крст | Да ја осознаеме улогата на Црвениот Крст во светот | | Ученици од Iодделение |
| Украсување на училиштето со уметнички цртежи и хамери од училишните секции | Развивање на креативноста и уметничкиот порив , да го направиме ентериерот на училиштето потопол | XII | Членови на Детската Организација и претставници на училишните секции |
| Посета на Пензионерскиот дом и средба со стари лица | Поттикнување на личниот , емоционалниот и социјалниот развој на децата , преку градење почит кон стари лица | | Ученици , класни раководители , училишен психолог |
| Предновогодишна забава | Рекреација и забава | | Ученици |
| Организирано зимување | Одмор и рекреација на учениците | I | Ученици од I до IX |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Анализа на успехот и поведението | Подобрување на успехот | II | Членови на Детската Организација , литературна и ликовна секција |
| Литературно читање<br>Натпревар во ликовно творење | Стимулација и поттик кон литературното и ликовното творештво | | |
| 8ми Март – Ден на жената одбележување | Да се спознае еднаквоста на жената и мажот и изразување почит кон жената-мајка-сестра-баба | III | Детска Организација и НВО кое се занимава со правата на жената<br><br>Раководство и членови на Детската Организација |
| Ден на Екологијата | Заштита на природата за подобро здравје | | |
| Одбележување на денот на пролетта<br>Изложби на детска поезија и проза | Чување и збогатување на зеленилото во училишниот двор и хигиена на истото | | |
| Априлијада – Ден на шегата ( маскембал ) | Развивање на чувството на хумор | IV | Раководство и членови на Детската Организација<br><br>Ученици од VI , VII и VIII |
| Уредување на училишниот двор – работни акции | Учество во работни акции | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување на денот на здравјето и крводарителството | Организирање на крводарителна акција во училиштето и предавање од медицински лица за алкохолизмот | | одделение , наставници по биологија и медицински лица Ученици од I до VIII одделение |
| Одбележување – Заштита и безбедност при повреда на работа | Стекнување навики кај учениците за учество на учениците во акцијата заштита и безбедност при повреда на абота | | |
| Посета на гробот на Гоце Делчев | Стекнување навики кај учениците за посета на културно-историски споменици | V | Членови на Детската Организација и историската секција |
| Приредба по повод 24 Мај | Осознавање на величината на делото на светите браќа | | Драмска секција |
| Светски ден против пушењето | Да се увидат ризиците по здравјето по овој опасен порок | | Ученици од VI , VII и VIII одделение , наставници по биологија и медицински лица |
| Самоевалуација | Споредба на постигнатите со поставените цели | | Детска Организација |

## Програма за откривање и грижа за учениците со емоционални потешкотии
## Учебна 2014/2015 година

| цели | содржини и активности | реализатор | време на реализација | очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за работа со деца со емоционални потешкотии | -Формирање на тим за поддршка<br>-Изготвување на годишна програма за работа | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Август | Успешна реализација на планираните активности |
| Идентификација на ученици со емоционални потешкотии | -Разговори со одд.наставници и раководители | Стручни соработници<br>Одд. наставници и раководители | Септември | Евиденција на овие ученици и градење стратегија за работа со нив |
| Континуирана поддршка на учениците со емоционални потешкотии | -Консултативни разговори на стручните соработници со одд.наставници, раководители и родители<br>-советодавно консултативна работа со учениците со емоционални потешкотии | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Родители | Во тек на годината | -Подобрување на постигањата<br>- Вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната заедница<br>-Зајакнување на родителските вештини и капацитети |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Следење на индивидуалните постигања и однесувањето на учениците со емоционални потешкотии (на секој квалификационен период) | -Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето | Одд. наставници Одд.раководители Стручни соработници | Ноември, јануари, април | -Проценка на постигањата -Вклучување на овие ученици во групна работа и слободни ученички активности |
| Обезбедување поддршка од соучениците | -Сов.консул.разговори одд.настввници и раководители и УЗ на паралелката -Соработка со ЗМЗ,ЦСР, социјални патролни работници, СОС Детско село Македонија | Стручни соработници, родители, одд.наставници, одд.раководители и предметни наставници | Во тек на годината | -Подобрување на постигањата -Подобрување на социјализацијата на овие ученици |
| Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на учениците со емоционални потешкотии | -Разговори со учениците -Советодавни разговори со родителите на родителски и индивидуални средби | Стручни соработници, родители, одд.наставници, одд.раководители и предметни наставници | Март | -Развивање на самодоверба и самопочитување кај овие ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со учениците со емоционални потешкотии | -Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на програмата и работата со учениците<br>-Изготвување на стратегија за понатамошна работа | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Јуни | Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес, социјалниот и емоционалниот статус на овие ученици |

**Тим за поддршка**: педагог, психолог, наставници

## Правилник за однесување на ученици, наставници и родители

- **Кодекс на однесување на учениците**

*„Однесувај се кон другите како што сакаш тие да се однесуваат кон тебе“.*

- Колегијалност – ние сме заедно во ова;
- Соработка – учење на секој од секого;
- Поддршка – секогаш постои некој кој ќе помогне;
- Взаемен респект – секој има нешто да понуди;
- Отвореност – ние можеме да зборуваме за нашите разлики;
- Взаемна доверба – покажете им на другите дека верувате на нивните способности. Тие ќе се обидат да ја оправдаат вашата доверба;
- Принципиелност:
    - почитување на времето на започнување и завршување на часот;
    - почитување на критериуми на самооценување;
    - безбедна работна средина во која се учи;
- Редовно извршување на дежурството;
- Заедничка грижа за одржување на хигиената и естетското уредување на училиштниот простор;
- Градиме клима на взаемна доверба;
- Одговорно се однесуваме спрема инвентарот;
- Нашата сила не е во снагата, туку во умот;
- Се почитуваме меѓусебно, навредата силно не боли;
- Додека јас зборувам сите ме слушаат;
- Кога викаме никој не може да не разбере;

- Не ми се обраќај со прекар, јас имам име;
- Пред да позајмиме нешто, бараме дозвола;
- Се грижиме за хигиената, отпадоците ги фрламе во корпите;
- Не газиме по тревните површини – тие се украс на нашето училиште;
- Не ми е важно кој си, како изгледаш, туку како мислиш;
- Мобилните телефони за време на часот ни се исклучени;
- Ги почитуваме принципите:

  - Одговорност; истрајност; толерантност; солидарност; хуманост; самокритичност; чесност; точност.

- **Кодекс на однесување на родителите**

Со овој кодекс се регулира начинот на однесување на родителите при влегување во објектот на училиштето:

- Родителите да не ја попречуваат воспитно – образовната работа:

  - Забрането е влегување на часови;
  - Индивидуалните разговори се обавуваат по завршените часови;

- Нарушените меѓуученички односи се решаваат прво со:

  - Одделенскиот раководител;
  - Стручната служба на училиштето, па потоа;
  - Директорот;

- Да има коректен однос – почитување према наставниците;

- Да бидат демократични, чесни, праведни;
- Да се воздржуваат од активности кои неправедно би ги довеле нивните деца во поповолна положба во однос на другите деца;
- Да не доаѓаат во алкохолизирана состојба;
- Да го поддржуваат учењето на своите деца преку залагање за фер однесување;
- Да ги почитуваат советите од наставниците;
- Да не се служат со недозволени постапки при дискусија, да одбегнуваат да вршат какво било влијание/ посредно или непосредно/ спрема било кој ученик за време на часовите, по часовите или дневниот престој;
- Информациите што им се службено доставени од наставници, стручна служба или директор да не ги користат за ненаменски цели и на начин на кои би произвеле негативни последици за учениците или би довеле до несоодветни одлуки во образованието;
- Да создаваат култура на правично и фер однесување во училиштето и надвор од училиштето.

- **Кодекс на однесување на наставниците и стручните соработници во училиштето**

- ОСНОВНИ НОРМИ И НАЧЕЛА

Определувајќи се за професијата на просветен работник, наставникот треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, за да ги знае своите права и одговорности и разноликоста на задачите, да биде флексибилна личност која ќе знае да работи со поединци и група, да се прилагодува на новите барања и да го користи своето професионално знаење и умеење.

Во својата професионална работа наставникот се обврзува:

- Својата професија да ја врши совесно, одговорно и хумано;

- Воспитанието и образованието на учениците да му претставува највисок императив во неговото професионално однесување;
- Со сите сили да ја чува честа и благородните традиции на професијата просветен работник;
- При вршење на своите должности да не дозволи да прави никакви разлики поради пол, националност, раса, возраст и општествено – економска положба;
- На своите ученици и нивните родители да им го изразува должното почитување.

➢ НАСТАВНИКОТ И ОПШТЕСТВОТО

Во современите демократски и плурални услови наставникот се раководи исклучиво од уставните и законските определби, при што:

- Целосно и безрезервно ја прифаќа општествено-демократската реалност и ореинтација на Република Македонија, како самостојна и независна држава и како заедничка татковина на сите граѓани;
- Мора да биде и лојален граѓанин на Република Македонија, да го чува нејзиниот углед и авторитет, да се грижи за нејзиниот просперитет, интегритет и сувереност;
- Да придонесува за формирање на учениците во духот на заедничкиот и кноструктивен живот, независно од националната, верската и друга припадност;
- Се придржува кон меѓународните стандарди, одговори и конвенции за слободите и правата на човекот, а особено Конвенцијата на ООН за правата на детето;
- Има право и должност да се залага и да се бори за достоинството а професијата просветен работник.

➢ НАСТАВНИКОТ И СТРУКАТА

Наставникот треба:

- Да биде високостручен за работата што ја врши и да има визија за неа;
- Да има современа, општо-етичка и општо-културна изразеност и педагошки осет;

- Постојано да се ангажира за што поквалитетно и поефикасно планирање и реализирање на наставата со коректност, сигурност, одговорност и прецизност, објективност и непристрасност, начелност и доследност во своето однесување;
- Да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
- Секогаш и секаде да внимава на својот јазик кој треба да е литературен, јасен, достапен и достоинствен;
- Секогаш да служи за пример со својот изглед, однесување и да гради култура и естетски навики кај своите ученици;
- Да внимава на својот морален лик;
- Да има одговорен однос према средствата и условите во кои или со кои ја реализира својата дејност;
- Својата работа во образовната дејност да не ја злоупотребува за лична корист, при што не смее да прифаќа подароци, бесплатни услуги или награди кои можат да ја доведат во прашање неговата автономност, професионалност, кредибилитет и достоинство;
- Постојано да работи на своето стручно и педагошко усовршување преку користење на стручна литература, посета и активно учество на семинари, разменса на искуства со колеги и др.;
- Да го популаларизира својот предмент и надвор од училиштето преку учество во јавни трибини, пишување статии, стручни трудови, книги и слично;
- Да има критички однос спрема ненаучните теории, идеи и идеологии, како и спрема носителите на истите;
- Да иницира и да се ангажира во развојни и други проучувања и проекти во училиштето и надвор од него.

- НАСТАВНИКОТ И ЧАСОТ

Извршувајќи ја својата работа, наставникот:

- Треба навреме да го започне часот;
- Треба редовно да го евидентира часот како и отсутните ученици;
- Часот треба да биде максимално заштитен од соопштенија, разговори кои не се во врска со планираната задача и посети, кои би го оневозможувале планираниот тек на времето.;
- Добро да го планира секој наставен час за да овозможи позитивна поттикнувачка, опуштена и срдечна работна атмосфера и ангажирање на сите ученици за постигнување на максимум од зацртаната цел до крајот на часот;

- Часот треба да го изведува според современата наставна технологија, со умешно вклучување и водење на учениците, квалитетно поучување и рационална организација на наставата.

➢ НАСТАВНИКОТ И УЧЕНИКОТ

Наставникот спрема учениците се однесува како кон субјекти и соработници со примена на поставки кои се во духот на современите педагошки норми при што:

- Ја почитува личноста ан секој ученик;
- Професионално и чесно се однесува кон секој ученик и е праведен и хуман, објективен и непристрасен, одмерен и доследен, без оглед на возраста, полот, верата, националноста, расата и општествено-економската положба;
- Со учениците да избегнува стил на комуницирање и појави недолични за професијата што ја обавува;
- Верува дека секој ученик може да научи и должен е на секој ученик тоа да му го овозможи;
- Не смее да има догматски пристапи кон наставните содржини и секогаш да ја поттикнува и негува самостојноста, критичноста и индивидуалноста на ученикот преку методи и активна настава;
- Да ги познава стиловите на учење и оспособува учениците за самостојно учење;
- Го учи ученикот како да ги самооценува сопствените постигања;
- Го оценува реалното знаење на ученикот со изградени критериуми при што се труди да го открие степенот на знаењето на ученикот, а не да бара празнини, односно незанење и при тоа редовно да го информира ученикот;
- Бара ученикот навремено и квалитетно да ги извршува своите задачи и тоа редовно;
- Не смее да ги омаловажува и навредува учениците;
- Со учениците не смее да пројавува агресивност, нетолерантност, желба за доминација, плашливост, апатичност, депресивност, некомуникативност, болна амбициозност и слично;
- Никогаш да не го казнува ученикот телесно, не го малтретира психички и не се служи со плашење, уцена, заканување и други форми на негативно однесување;
- Избира и води вонаставни активности во кои се смета за најинвентивен и преку кои ќе им овозможи на учениците да ги задоволат своите интереси и да ги развиваат своите таленти;
- Ги познава социјално-економските и другите услови во кои учениците живеат и учат;
- Должен е редовно даим помага на учениците кои заостануваат во совладување на наставата;

- Бара од учениците уредно, пристојно и дисциплинирано да се однесуваат, а на секој вид девијантно однесување, реагира со укажување;
- Должен е да го сослуша секој ученик кога ќе му се обрати за совет или помош во решавање на лични проблеми или да му помогне или да го упати на стручна помош кај компетенти лица во или надвор од училиштето;
- Во работата со учениците не ги искажува своите политички уварувања и убедувања и не дозволува пропагирање на било какви тесно-политички идеологии;
- Со личен пример и со средства се бори против причинителите на болести од зависност и другите негативни појави, дрогата, алкохолот, пушењето, криминалот и друго;
- Меѓу учениците постојано гради однос на другарство и меѓусебно разбирање, соработка и почитување;
- Да го почитуваат правото на збор на учениците.

➢ НАСТАВНИКОТ И РОДИТЕЛОТ

Наставникот е во постојана комуникација со родителите и притоа:

- Се грижи соработката со родителите да биде што понепосредна и ефикасна;
- Го поттикнува интересот и ангажирањето на родителите во решавањето на проблемите на учениците;
- За прашањето од личниот и семејниот живот води сметка за потполна дискреција;
- Со целосно внимание и одговорност како и со можен педагошки и културен такт се однесува спрема оние родители кои не пројавуваат можен интерес за соработка и недоволно се грижат за однесувањето на своите деца;
- Навреме и објективно ги информираат родителите;
- Ги почитуваат аргументите на родителите бараат соработка и ангажман на родителите во решавање на проблемите;
- Упатува на помош од компетентни лица и установи кога тој не е во состојба да помогне.